JORC Joint Ore Reserves Committee

## Кодексот JORC

### *Опис на Кодексот*

*Австрало-азискиот Кодекс за Известување за резултатите на геолошките истражни работи, минерални ресурси и рудни резерви (Кодекс JORC)* ги воспоставува минималните стандарди, препораки и раководства во јавното известување во Австрало-азискиот регион, за резултатите на геолошките истражни работи, минерални ресурси и рудни резерви.

*Обединетиот Комитет за рудни резерви (JORC)*, создаден 1971 година, објави неколку дела со препораки за класификација и јавно известување за рудните резерви, пред излегувањето на првото издание на Кодексот JORC во 1989 година.

Преработените и дополнети изданија на Кодексот беа објавени во 1992, 1996, 1999 и 2004 година. Изданието на Кодексот JORC од 2012 година ги заменува сите претходни.

### *Компетентно лице*

Документацијата што ги изложува резултатите на истражувањето, оценката на минералните ресурси и рудни резерви, врз која што се базира јавниот извештај за резултатите на истражувањето, минералните ресурси или рудни резерви, мора да биде подготвена од *Компетентно лице* или под негово раководство, и да биде потпишана од *Компетентното лице*.

Ако во јавниот извештај е вклучен описот на објектите на истражувањето, таа информација исто така мора да биде подготвена од *Компетентното лице* или под негово раководство, и потпишана од *Компетентното лице*.

Документацијата треба да даде правилна претстава за прашањата, за коишто е подготвен извештајот.

*“Компетентното лице” е специјалист од областа на рударството, којшто е член на Австрало-азискиот институт за рударство и металургија и геофизика, или на ‘Признаена професионална организација’ (RPO), како што е наведено во списокот разместен н веб страниците на Комитетот JORC и и Австралиската фондовска берза (ASX).*

AusIMM THE MINERALS INSTITUTE

Австрало-азиски Институт за рударство и металургија

*Австрало-азискиот Институт за рударство и металургија (AusIMM)*, создаден во 1893 година, ја обезбедува дејноста на квалификуваните специјалисти во сите области на проучувањето и искористувањето на земјата.

AusIMM обединува 14000 членови од сите области на рударската и геолошката индустрија. Неговата дејност е поддржана од мрежа филијали и друштва во Австрало-азискиот регион и на меѓународно ниво.

Дмитро Сироштан, главен геолог на Copper Investments JSC, стана член на AusIMM во ноември 2016 година.

**Во** сегашно време, во групата компании работат двајца вработени, кои што се членови на Австрало-азискиот Института за рударство и металургија (AusIMM).



**Дмитро Сироштан**

*Доктор по геолошки и минералошки науки*
Главен геолог на Copper Investments JSC
Член на AusIMM (бр.324410)
од ноември 2016 година



**Кристиан Јованов**

*Геолошки инженер*
Геолог на Sardich MC
Член на AusIMM (бр.313769)
од април 2013 година